ПРОЕКТ: УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# ЗАКЛУЧОЦИ ОД РЕАЛИЗИРАНИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ ЗА ТЕМАТА ЕКОЛОШКА ПРАВДА

СКОПЈЕ, 2024

# ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

Во рамки на проектот „Унапредување на еколошката правда во Северна Македонија“ кој е обезбеден од Глобалната програма на UNDP за зајакнување на владеењето на правото, човековите права, правдата и безбедноста за одржлив мир и развој, во периодот од 15 август до 13 септември 2024 година, беа спроведени три истражувања во врска со темата „Еколошка правда“ и тоа: истражување на јавното мислење, истражување на мислењето на деловниот сектор и истражување на мислењето на невладиниот сектор.

**Истражувањето на јавното мислење** имаше за цел да ги испита степенот на познавање на терминот „еколошка правда“ и терминот „екоцид“, перцепцијата во врска со најважните еколошки проблеми во земјата и во нивното непосредно опкружување, перцепцијата за ефикасноста и правичноста на законодавството и судството, информираноста во однос на надлежните институции за решавање на еколошки проблеми, заинтересираноста и информираноста за темите и прашањата поврзани со заштита на животната средина како и нивното лично искуство и вклученост при барање на решение на еколошки прашања.

Ова истражување беше реализирано со помош на квантитативниот метод CATI (Computer Assisted Telephone Interview) на примерок од 1067 испитаници со што се обезбедува интервал на доверба од 95% и маргина на грешка од +/- 3%. Примерокот беше национално репрезентативен и стратификуван според: регион, пол, возраст и етничка припадност, врз основа на податоците од пописот на населението и домаќинствата од 2021 година, обезбедени од страна на Државниот завод за статистика.

**Истражувањето со деловниот сектор** опфати 30 компании од различни индустрии со цел да се добијат сознанија во врска со нивното познавање и разбирање на термините „еколошка правда“ и „екоцид“, перцепцијата за најважните еколошки проблеми во земјата и конкретно во нивната индустрија, активностите за намалување на штетното влијание на нивниот работниот процес врз здравата животна средина, како и перцепцијата во однос на работата на надлежните институции за заштита на животната средина.

За ова истражување беше користен методот CAPI (Computer Asssisted Personal Interview), односно интервју лице-в-лице, со одговорни лица во компаниите. При изборот на потенцијалните учесници во истражувањето беше водено сметка да бидат вклучени компании од различни индустрии, градови и региони. Во однос на бројот на вработените, 36,7% од компаниите во примерокот имаат до 10 вработени, 36,7% имаат од 11 до 200 вработени и 26,7% од компаниите имаат над 200 вработени.

**Истражувањето со невладиниот сектор** имаше за цел идентификување на главните пречки и предизвици со кои се соочуваат невладините организации при спроведување на еколошка правда, мерење на соработката на организациите со релевантни институции во областа на еколошката правда, идентификување на потребите за поддршка за подобрување на нивната работа, перцепција на невладините организации за свесноста на јавноста за темата еколошка правда и идентификување на успешни примери кои би можеле да се споделат со јавноста или да се реплицираат.

Во ова истражување беа вклучени 10 невладини организации и тоа: Милиеуконтакт Македонија - Архус центар, Центар за правни истражувања и анализи, Институт за човекови права, Македонско здружение на млади правници, Флорозон, Новинари за човекови права, Планетум - Струмица, Здружение за иновации и млади ИНОМЛАДИ – Куманово, Граѓанско здружение за економија и зелена трансформација Green Economy, и Евротинк – Центар за европски стратегии.

Од аспект на методологијата, ова истражување беше спроведено со квалитативниот метод - длабински интервјуа.

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СО ГРАЃАНИТЕ

Покрај здравството и образованието, **заштитата на животната средина е една од трите најактуелни теми за која се заинтересирани граѓаните**. Меѓу нив, позаинтересирани се помладите граѓани, како и оние со повисок степен на образование и повисоки семејни месечни приходи.

За свесноста или важноста на еколошките прашања зборува и **поддршката на граѓаните за еколошки одговорните практики**, имено повеќе од три четвртини од нив, кога би имале можност да бираат би одбрале да купат производ којшто помалку ѝ штети на животната средина, ставајќи ја благосостојбата на животната средина пред економскиот раст.

Исто така, постои висока свесност за еколошките проблеми во непосредното соседство на испитаните лица, при што најчесто **како најголеми локални проблеми се наведуваат лошото управување со сметот од страна на надлежните претпријатија и институции, како и некултурата на граѓаните, кои резултираат со појава на диви депонии и загаденост со смет, а покрај проблемите со отпадот, граѓаните го посочуваат и аерозагадувањето**. Загадувањето од отпадот, е најчесто изразен во Источниот и Југозападниот Регион, додека загадениот воздух е поизразен како проблем во Полошкиот, Североисточниот и Скопскиот Регион. Од друга страна, на **државно ниво, како најголем проблем се посочува загадувањето на воздухот**, а потоа следуваат проблемите со отпадот.

Во однос на свесноста на граѓаните за начинот на решавање на еколошките проблеми, иако поголем дел од нив (69,5%) знаат кои институции се надлежни за заштита на животната средина, многу мал дел или само **15,1% од оние кои изјавиле дека ги знаат надлежните институции, се обратиле до некоја институција за да решат некаков еколошки проблем**. Во тој контекст, доколку се соочат со некој еколошки проблем за кој надлежната институција не може да им помогне, **приближно половина од граѓаните не знаат што би направиле или пак не би направиле ништо**. Од оние испитаници кои изјавиле дека ќе преземат нешто, **16,4% би отпочнале жалбена постапка на повисока инстанца, при што веројатноста за ова е поголема кај помладите и кај оние со повисок степен на образование**.

Од аспект на перцепцијата на граѓаните за ефикасноста на институциите во справувањето со проблемите во областа на заштитата на животната средина, најголем дел од граѓаните или околу **80% сметаат дека институциите не работат ефикасно** на спроведување на законите за заштита на животната средина, а речиси исто толку сметаат дека законите не важат исто за сите и дека судството во земјата не ги третира таквите предмети со соодветно внимание и приоритет. Дополнително, **само една четвртина од испитаниците сметаат дека институциите располагаат со доволно човечки и финансиски капацитети за да се справат со предметите за заштита на животната средина.**

Граѓаните се запознаени со правото на здрава животна средина како право коешто им е загарантирано со Уставот, но многу мал дел од нив знаат за некои други прописи со коишто се заштитува правото на здрава, чиста и одржлива животна средина. Во таа насока, постои **ниско познавање на терминот „еколошка правда“**, односно, 41,6% од вкупниот број граѓани се изјасниле дека го слушнале овој поим, а **само 16,7% од вкупниот број на граѓани знаат што точно опфаќа овој поим**. Истото може да се заклучи и за **поимот „екоцид“.** За овој поим слушнале 22% од испитаниците, но доколку се анализираат нивните одговори,

може да се заклучи дека **само 3,9% од вкупниот број граѓани вистински знаат што се подразбира под поимот екоцид,** при што испитаниците со повисок степен на образование се позапознаени со поимите еколошка правда и екоцид во однос на останатите испитаници.

Кога говориме за остварувањето на еколошката правда и користењето на правните лекови за нејзино спроведување, многу мал дел или **само 1,2% од граѓаните некогаш се обиделе преку судска постапка да го остварат своето право на здрава животна средина**, односно да решат некој проблем на загадување или уништување на животната средина, при што во најголем дел нивното искуство било негативно. Исто така, **само 3,4% од граѓаните знаат за некој случај во кој се тужени земјата, владата или државните институции заради не обезбедување на здрава животна средина за своите граѓани**.

Според испитаниците **трите најдобри начини за актуелизирање на темите и прашањата поврзани со правата на здрава животна средина се**:

1. Рекламна кампања на ТВ, билборди или веб портали (41,4%).
2. Кампања на социјални медиуми (27,3%).
3. ПР кампања (23%).

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СО ДЕЛОВНИОТ СЕКТОР

Резултатите од истражувањето на свесноста, ставовите и делувањето на компаниите за заштита на животната средина и за еколошка правда, покажуваат дека **кај поголем дел од компаниите постои свесност за еколошките прашања** и дека од аспект на нивното работење најголем дел од компаниите или 43,3% ја идентификуваат **операцијата управување со отпад како операција која има значајно влијание врз животната средина**, по што следат транспортот и производството со 27,7%.

Во однос на **планирањето за заштита на животната средина**, речиси **три четвртини од компаниите посочиле дека имаат некаков план или програма за заштита на животната средина**, при што најголем дел или 43,3% од вкупниот број компании, посочиле дека имаат елаборат за заштита на животната средина или студија за оценка на влијанијата врз животната средина, план за управување со отпад имаат 20% од вкупниот број компании, додека најмал број компании или 10% од вкупниот примерок имаат план за управување со животната средина и социјалните аспекти.

И покрај свесноста за заштита на животната средина која ја имаат компаниите, поголем дел од нив или речиси **две третини ги немаат меѓународните стандарди за управување со животната средина ИСО 14000**. Дополнително, само 25% од компаниите со над 250 вработени знаат колкав е нивниот $CO_2$ отпечаток.

**Купувачите се еден од клучните фактори кои влијаат на еколошките напори на компаниите**. Имено, 56,7% од компаниите сметаат дека на нивните купувачи им се важни овие иницијативи. Исто така, најголем дел од компаниите или **73,3% ги користат своите еколошки напори како начин за комуникација со купувачите и за маркетинг**.

Генерално, компаниите се придржуваат до законските обврски за заштита на животната

средина, при што 76,7% од нив се изјасниле дека преземаат соодветни мерки во рамки на законските барања и стандарди, а многу помал дел од компаниите преземаат мерки над потребните законски барања и стандарди.

Од аспект на проблемите со коишто се соочуваат компаниите, **многу мал дел или 26,7% од нив можат да наведат некаков еколошки проблем во нивната индустрија,** при што наведуваат проблеми како: загаден воздух, недоволно легални депонии за градежен отпад, користење на нееколошки горива, како и недоволно оператори за управување со текстилен отпад. Во поглед на еколошки проблеми коишто ја нарушуваат здравата животна средина на ниво на **држава, како најголеми проблеми се посочуваат: аерозагадувањето (30%), депониите и неправилното селектирање и справување со отпадот (26,7%) и испуштањето на хемикалии во водите (23,3%).**

Помал дел од компаниите или вкупно една третина од испитаниците имале некаква соработка со институциите во врска со еколошки прашања, при што најчесто тоа биле: Владата, министерствата или општините и надлежниот инспекторат. Во тој контекст, **компаниите генерално имаат позитивни искуства со институциите (80%).** И покрај позитивната перцепција за институциите, поголем дел или околу **60% од компаниите сметаат дека институциите не работат ефикасно за спроведување на законите за заштита на животната средина и сметаат дека истите немаат доволно човечки и финансиски капацитети** за да се справат со предметите за заштита на животната средина.

Во таа насока, околу **половина од компаниите се скептични во однос на тврдењата дека законите коишто ја регулираат заштитата на животната средина во нашата земја, важат подеднакво за сите и дека судството во нашата земја ги третира предметите за заштита на животна средина со соодветно внимание и приоритет**.

Иако кај компаниите постои многу висока свесност за уставно загарантираното право на здрава животна средина, свесноста за поимите **„еколошка правда“ и „екоцид“ е релативно ниска меѓу компаниите; само 26,7% одговориле дека слушнале и знаат што подразбираат овие поими, додека ниту** една компанија не е запознаена со висината на казната за кривичното дело екоцид, според нашето законодавство.

Сепак, компаниите покажуваат подготвеност да се борат за решавање на еколошките проблеми, било преку правни патишта, отпочнување на жалбена постапка до повисока инстанца онаму каде што е можно (36,7%) или со преземање на сопствена директна акција (23,3%). Само 16,7% од компаниите доколку се соочат со некој еколошки проблем кој го загрозува нивното работење, за кој надлежната институција не може да им помогне, не знаат што би направиле во таква ситуација.

# КЛУЧНИ НАОДИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР

**Постои суштинско разбирање на концептот „еколошка правда“ од страна на невладиниот сектор**. Одделните невладини организации имаат свои дефиниции за еколошка правда, но сите се темелат на остварувањето на уставно загарантираното право на здрава животна средина, и тоа преку трите столба на Конвенцијата на ООН од Архус – пристапот до

информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристапот до правните механизми за еколошка правда. Иако дел од организациите директно спроведуваат активности за еколошка правда, а друг дел се фокусираат на подигнување на јавната свест и насочување на граѓаните кон правните механизми, организациите се согласуваат дека **бројот на успешно реализирани иницијативи за пристап до правдата е мал**. Како еден поуспешен пример во оваа област кој е резултат на делувањето на Платформата за еколошка правда[1] е **воведувањето на делото *екоцид* во кривичното законодавство кај нас, а коешто го нема во другите земји на ЕУ**.

Од истражувањето може да се заклучи дека **постојат мал број организации кои долгорочно се занимаваат со проекти од областа на еколошката правда и тие се сконцентрирани само на неколку организации во Скопје кои имаат правници и стручен кадар** за анализа и следење на состојбите, за обезбедување на бесплатна правна помош за граѓаните, за стратешко застапување и водење на судски процеси и лобирање кај државните институции**.** Повеќето од организациите се запознаени со законите и механизмите за еколошка правда или користат надворешна експертиза.

Според невладините организации законите за еколошка правда се усогласени со ЕУ директивите, но **недостасуваат подзаконски акти во делот на пристап до информации и правото на партиципација на јавноста во одлучувањето за прашања поврзани со животната средина, како и поголема транспарентност на локално ниво и ефективно информирање на локалното население за промени кои директно влијаат на нивната животна средина.** Иако законите се менуваат, постои простор за подобрување, при што се издвојуваат предлозите за: ревидирање на некои од застарените стратешките документи, измени во Законот за бесплатна правна помош, централизирање на инспекцискиот надзор за животна средина преку формирање на регионални центри за инспекција и воведување на специфично законодавство за заштита на еколошките бранители во земјата. **Голем предизвик според испитаниците е недостатокот на финансии и кадровски капацитети, како и на политичка волја за подобра контрола и санкционирање на прекршителите,** како на пример: недостатокот од специјализирани инспектори за заштита на животната средина, судии, обвинители, како и технички експерти и лаборатории за докажување на штетните влијание врз животната средина. Дополнително, предизвик претставуваат и сложените законски рамки и тешкотии во пристапот до информации.

**Соработката помеѓу невладините организации и институциите генерално се оценува како позитивна, особено како ефикасна се оценува соработката со медиумите и академските институции**. Ретки се случаите каде соработката била неефективна.

На организациите им е потребна континуирана финансиска поддршка, едукација и правна помош за подобрување на еколошката правда. Исто така, важно е да се зголеми техничката и правна поддршка, односно пристапот до податоци и истражувања, а согласно на тоа и вмрежувањето помеѓу организациите со правна експертиза и локалните организации запознаени со конкретни проблеми од аспект на животната средина, како и вмрежувањето на регионално ниво, за размена на добрите практики со другите земји од Балканот.

Дополнително, зголемувањето на финансиската поддршка во рамките на проектите, за кампањи за подигнување на јавната свест, коишто би биле со поголем опфат на јавноста и со поголемо присуство на ТВ медиумите, како најгледан медиум, исто така би помогнало за подобрување на нивната работа.

Според невладините организации, јавноста е на многу ниско ниво запознаена со концептот на еколошката правда, иако постои свесност за различни еколошки проблеми. Недос-

1 **Платформата за еколошка правда** ги обединува капацитетите на сите надлежни институции, МАНУ, здруженијата на граѓани и стручни лица кои се вклучени во заштитата и унапредувањето на животната средина. Нивна цел е предлагање и развивање на политики, законски формулации и решенија од областа на животната средина за справување со еколошките штети, притоа препознавајќи го овој проблем не само на централно туку и на локално ниво. Неа ја сочинуваат ја сочинуваат вкупно 16 членови, односно назначените претставници од: Центар за правни истражувања и анализи, Македонска академија на науките и уметностите, Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен инспекторат за животна средина, Центар за управување со кризи, Дирекција за заштита и спасување, Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Академија за судии и јавни обвинители, Македонско здружение на млади правници, Еко свест, Фронт 21/42, Град Скопје, Здружение на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС, Милиеуконтакт Македонија и Глобал Шејперс Скопје Хаб.

татокот на информации и сложените надлежности на институциите ја збунуваат јавноста, а кампањите на невладините организации допираат само до потесен круг на граѓани. Така, со цел подобрување на свесноста и информираноста на граѓаните се посочува потребата од:

- **вклучување на концептот за „еколошка правда“ и во класичното образование** иако веќе се отпочнати промените во наставните програми во високото образование за воведување на предметот еколошка правда;
- **поддршка од националниот радио и ТВ програмски сервис за долгорочна и систематизирана едукација** и промоција на алатките и механизмите на еколошката правда (пр. преку дебати, емисии, истражувачки стории);
- поинтензивна **комуникација со јавноста, преку различни медиуми, со цел разјаснување на надлежностите на општините, министерствата и инспекторатите** во поглед на еколошките прашања;
- **користење на масовни медиуми како телевизија и радио** и платени промоции на социјалните медиуми, со цел темите за еколошка правда да допрат до што поголем број на граѓани;

Како пример за успешна иницијатива се посочува воведувањето на кривичното дело екоцид во 2022 година, кое се однесува на трајно загадување на животната средина за лична или институционална корист, со казни од 10 години до доживотен затвор. Ова претставува значаен чекор во националното законодавство. Успехот на оваа иницијатива е резултат на соработката меѓу институциите и невладините организации.

Невладините организации играат важна улога во еколошката правда преку успешни иницијативи за запирање на постапките за отворање фабрики и рудници и поставување стандарди за заштита на животната средина. Ваквите случаи дури и кога немаат позитивна завршница, придонесуваат за подигнување на јавната свест и барање одговорност од властите.